Архивски знак:
Рок на чување: год.
03. 08. 2016 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15,192/15 и 27/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), по овластување на директорот на Царинската управа број 04- 052482/16-0001 од 26.07.2016 година заменик директорот донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-029492/16 -0020 од 27.07.2016 година, донесен по спроведена отворена постапка со објавување на оглас број 06/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, за доделување на договор за набавка на Услуга за осигурување на недвижности и права, опрема, моторни возила, пловни објекти и службени кучиња, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

- за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 согласно член 140 став 9 од Законот за јавни набавки како најповолен понудувач се избира Акционерско друштбо за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје
- за ДЕЛ 3 согласно член 140 став 9 од Законот за јавни набавки како најповолен понудувач се избира Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје
- за ДЕЛ 4 согласно член 140 став 9 од Законот за јавни набавки како најповолен понудувач се избира Националната групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-029492/16-0003 од 26.05.2016 година за јавна набавка на Услуга за осигурување на недвижности и права, опрема, моторни возила, пловни објекти и службени кучиња .
Износот на средствата од 2.500.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Република Македонија за 2016 година, на раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 425.

Набавката се спроведе со отворена постапка со објавување на оглас во ЕСЈН број 06/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, согласно член 22 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-029492/16 -0020 од 27.07.2016 година , со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 да се избере Акционерско друштбо за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје со доставена понуда број 05-029492/16-0014 од 01.07.2016 година, за ДЕЛ 3 да се избере Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје со доставена понуда број 05-029492/16-0010 од 01.07.2016 година и за ДЕЛ 4 да се избере Националната групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје со доставена понуда број 05-029492/16-0009 од 01.07.2016 година.

За ДЕЛ 1 – Осигурување на недвижен имот од опасности од пожар и некои други опасности – без франшиза изборот е извршен врз основа на евалуирање на 6 (шест) прифатлива понуда, за ДЕЛ 2 - Осигурување на опрема од пожар, провална кражба и разбојништво, кршење и расипување - без франшиза врз основа на евалуирање на 4 (четири ) прифатливи понуди, за ДЕЛ 3- Осигурување на моторни возила и пловни објекти врз основа на евалуирање на 4 (четири) прифатливи понуди и за ДЕЛ 4- Осигурување на службени кучиња изборот е извршен врз основа на евалуирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство

Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Avdrim Veliu

заменик директор

Бр. 05-029492/16-0022
Скопје, 03. 08. 2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески